У-5.бр.232/2021

УПРАВНИОТ СУД преку судијата Ељмедине Асани - судија поединец, со записничар Едвин Захитовиќ - судски советник, решавајќи по тужбата на тужителот Друштво за преработка, обработка и конзервирање на животинско месо НУРО КОМПАНИ ДОО с. Камењане, Боговиње, поднесена против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки Број: 09-172/5 од 10.02.2021 година, на ден 29.06.2021 година, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

Тужбата на тужителот Друштво за преработка, обработка и конзервирање на животинско месо НУРО КОМПАНИ ДОО с. Камењане, Боговиње, поднесена против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки Број: 09-172/5 од 10.02.2021 година, СЕ ОТФРЛА КАКО НЕУРЕДНА.

О б р а з л о ж е н и е

Тужителот со тужба за управен спор ја оспори законитоста на решението на туженият орган Државната комисија за жалби по јавни набавки Број: 09-172/5 од 10.02.2021 година, со предлог истото да се поништи.

Судот постапувајќи по предметната тужба, најде дека постојат недостатоци кои ја спречуваат работата на Судот во управно судска постапка.

Поради наведеното, Судот со писмо за уредување У-5.бр.232/2021 од 15.03.2021 година, побара од тужителот во рок од 8 дена, сметано од денот на приемот на писменото, да ги отстрани недостатоците на тужбата, на начин што ќе го наведе вредноста на предметот на спорот, ќе достави доказ за платена судска такса и Тековна состојба издадена од Централен регистар. Исто така, Судот му напомена дека доколку во зададениот рок не постапи по задолжението и не ги отстрани недостатоците, тужбата ќе биде отфрлена како неуредна.

Согласно член 25 став 1 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/2019), тужбата мора да биде разбирлива и да содржи, назив на судот пред кој се поднесува, лично име, односно назив и адреса, седиште на тужителот со единствен матичен или даночен број, како и е-меил адреса и контакт телефон на тужителот, назив на туженият, наведување на оспорениот акт, односно управен договор или опис на бараното дејствие, вредноста на предметот на спорот, тужбено барање, обем во кој се оспорува поединечниот управен акт, дејствието или управниот договор (целосно или делумно), причини за поднесување на тужбата во врска со главната работа и споредните барања, факти и докази на кои е засновано тужбеното барање, потпис на тужителот, доказ за платена судска такса. Според став 2 на истиот член, ако со тужбата се бара враќање на предмет или надомест на штета, се наведува и барањето во поглед на предметот или висината на претрпената штета. Според став 3 на истиот член, оригиналот или заверениот препис од оспорениот акт, управниот договор или доказ за постоење на актот треба да бидат приложени кон

тужбата. Во случај кога се поведува управен спор поради недонесување на.акт или непреземање на дејствие во пропишаниот рок, доказите за времето на поведување на управната постапка или поднесување на барањето треба да бидат приложени кон тужбата. Според став 4 на истиот член, тужбата и прилозите се поднесуваат во најмалку три примероци.

Согласно член 31 став 1 од Законот за управните спорови, доколку тужбата не ги содржи задолжителните елементи од член 25 став (1) од овој закон или е нејасна, судот ќе побара тужителот да ги отстрани таквите недостатоци во одреден временски рок што судот ќе го определи, и истиот ќе биде опоменат за последиците од непостапување согласно напатствијата на судот. Според став 2 на истиот член, доколку тужителот не ги отстрани недостатоците во одредениот рок, а природата на недостатоците го спречува судот во постапувањето по предметот, судот ќе донесе решение со кое ќе ја отфрли тужбата како неуредна, освен во случај кога ќе утврди дека оспореният управен акт или договор е ништовен.

Со оглед на тоа што со Поднесокот за уредување, примен во Судот на ден 10.06.2021 година, тужителот не постапи целосно по задолжението на Судот, односно истиот делумно ја уреди тужбата и тоа во делот на вредноста на предметот на спорот кој го определил 40.000,00 денари, но истиот не достави доказ за платена судска такса и тековна состојба, а имајќи во предвид дека неотстранувањето недостатоците и непостапувањето по задолжението на Судот е пречка за понатамошно постапување по тужбата, Судот согласно член 31 став 2 од Законот за управните спорови, одлучи како во изреката на решението.

Решено во Управен суд на 29.06.2021 година, под У-5.бр.232/2021.

Записничар - виш судски соработник
Едвин Захитовиќ

Судија
Ељмедине Асани

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот на истото, преку овој суд до Виш управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за тужба во износ од 480,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Р.С.Македонија, банка на примач НБРСМ, судски такси од физички лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359 Приходна шифра: 72-22-13, Програма:00, Начин:2, односно судски такси од правни лица банка на примач НБРСМ сметка број 1000- 000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-11, Програма:00, Начин:2.

Решението да се достави до:
- тужителот
- туженият орган

Судија
Ељмедине Асани

СЛ/

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ЈГ * УПРАВЕН СУД * СКОПЈЕ
Согласноста на преписот со изворникот го потврдува Судски службеник
1